„Кој ќе пренесе од мене хадис за кој се гледа дека е лага, и тој е еден од лажливците.“

Од Семуре бин Џундуб и Мугире бин Шубе, Аллах нека е задоволен со нив, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе пренесе од мене хадис за кој се гледа дека е лага, и тој е еден од лажливците.“

[صحيح] [رواه مسلم في مقدمته]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека оној што ќе пренесе хадис од него, за кој знае, мисли или претпоставува дека е лага на него, тогаш и тој што го пренесува ја споделува одговорноста за лагата заедно со оној што ја измислил.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6982